Македонски Телеком АД Скопје

# ПОЛИТИКА НА ПРИВАТНОСТ НА МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД СКОПЈЕ ЗА МОБИЛНИ АПЛИКАЦИИ

Грижата за корисниците на услугите на Македонски Телеком АД Скопје и нивната приватност претставува приоритет во Компанијата.

Оваа Политиката за приватност на личните податоци го уредува начинот на кој Македонски Телеком АД Скопје ги прибира, обработува, објавува и раководи со податоците собрани од корисниците кои пристапуваат или ги користат апликациите на МКТ

За време на посетата на апликацијата, Вашата приватност целосно се почитува и нашите активности кореспондираат со законите во Р. Македонија од Областа на Заштита на личните податоци и европските закони, GDPR (General Data Protection Regulation)

## ПРИБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ОД КОРИСНИКОТ

Со пристапување кон оваа апликација, од Вас ќе биде побарано да ги внесете Вашите лични податоци (лични податоци за идентификација и контактни информации) кои може да вклучуваат име и презиме, матичен број, адреса на живеење, информации за контакт и сл, а истите ќе бидат користени во согласност со оваа политика на приватност и за намената за која што сте ги оставиле. Доколку не доставите некој податок што е задолжителен за одредена активност, нема да може да ја користите оваа апликација.

Со самото пристапување кон апликацијата и внесување на Вашите лични податоци, кои ќе бидат побарани при користење на апликацијата се смета дека слободно и изречно се согласувате Македонски Телеком АД –Скопје и/или неговите овластени партнери да ги обработува внесените лични податоци.

Обработката на Вашите лични податоци ќе се врши согласно прописите за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, преземајќи ги сите пропишани технички и организациони мерки за обезбедување на тајност и заштита при обработката на личните податоци со кои располагаме, при што поставките за приватност се поставени на стандардно висико ниво.

Вработените/Овластените лица во Македонски Телеком АД Скопје како и неговите овластени партнери кои ќе имаат пристап до Вашите лични податоци се обврзани да ги чуваат во тајност сите информации (вклучително и личните податоци) до кои ќе дојдат за време на извршувањето на нивните работни задачи.

## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИТЕ

Македонски Телеком АД Скопје применува сигурносни мерки при прибирање, чување и процесирање на информациите заради заштита од неавторизиран пристап, промена, откривање или уништување на вашите лични податоци, како и податоци што не се лични, а се складирани во нашите системи. Личните податоци може да се откријат само на надлежни органи во и со закон предвидена постапка.
Податоците кои ги оставате ќе се чуваат одреден временски период, односно се додека е во функција услугата за која што сте ги оставиле истите.
Во текот на овој период Вие ги задржувате сите ваши индивидуални права, како права за пристап, исправка, бришење, ограничување на обработка, пренос, приговор и право да не сте предмет на автоматизирано донесување одлуки, вклучувајќи профилирање.
Периодот на чување на вашите лични податоци собрани од Македонски Телеком АД Скопје се одредува според целта на обработката на податоците според следниве критериуми:

- податоците зачувани за одредени цели се задржуваат колку што е потребно за целите на обработка на лични податоци односно
(1) за време на траењето на договорот склучен со вас во согласност со законот, и
(2) додека имаме деловни односи со вас.

Вашите лични податоци потоа се архивираат за употреба во случај на спор или спор во текот на периодот на ограничување применлив на предметот на спорот, а потоа се анонимизираат или се бришат согласно Законските прописи.

Целокупната документација за софтверските програми за обработка на личните податоци и сите негови промени се евидентира и чува во согласност со Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на лични податоци на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

За да се обезбеди сигурност на личните податоци на корисникот, истите се чуваат на сервер на кој можат да пристапат само лица вработени во Македонски Телеком АД Скопје или неговите овластени партнери кои имаат овластување за пристап, при што се врши енкриптирање на одредени чувствителни податоци и информации.

Сепак, мора да се напомене дека ниту еден пренос на податоци преку Интернет или која било безжична мрежа не може да биде целосно сигурен. Како последица на тоа и покрај тоа што се преземаат разумни мерки за заштита на личните податоци, не може да се гарантира апсолутна заштита на која било информација пренесена на или од нашата апликација.

## ИЗМЕНА НА ПОЛИТИКАТА НА ПРИВАТНОСТ

Оваа Политика за приватност може да биде изменета во кое било време со објавување на изменетиот текст на Политиката за приватност на оваа апликација. Измените на Политиката за приватност влегуваат во сила веднаш по нивното објавување. На секој корисник паѓа одговорноста периодично да ја прегледа Политиката за приватност и да ги прочита евентуалните измени. Продолжувањето на користењето на нашата апликација од Ваша страна, по влегувањето во сила на таквите измени, подразбира дека корисникот ги прифаќа условите на изменетата Политика на приватност.

## ПРИФАЌАЊЕ НА УСЛОВИТЕ

Со користење на оваа апликација, се смета дека во целост се согласувате со одредбите од оваа Политика за приватност. Доколку не се согласувате со Политиката, ве молиме не користете ја апликацијата.

## КОНТАКТ

Доколку имате какви било прашања во врска со заштитата на личните податоци, Ве молиме да ни испрати електронска порака на адресата за заштита на личните податоци

dpo@telekom.mk